**20241482576**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

Врз основа на член 38 став (3) од Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.19/23), министерот за финансии, донесе

**ПРОГРАМА ЗА ОБУКИ ЗА ВРШЕЊЕ ФИНАНСИСКА ИНСПЕКЦИЈА**

Член 1

Со оваа програма се пропишуваат обуките за вршење финансиска инспекција.

Член 2

Специјализираните обуки за финансиски инспектор кои имаат за цел стручно усовршување на финансиските инспектори, ги опфаќаат областите со следните теми:

1. Буџетски процес

- основи на постапката за изработување, донесување, извршување на Буџетот на Република Северна Македонија и на буџетите на општините и известување за нивно извршување;
- фискални правила;
- среднорочно буџетско планирање, управувањето со средствата на државата и на општините и следење на финансиските резултати на јавните претпријатија и трговските друштва основани од државата, како и нивна фискална одговорност;
- извори на финансирање на локалната самоуправа: сопствени извори на приходи, дотации од Буџетот на Република Северна Македонија и задолжување;
- ревизија на Буџетот на Република Северна Македонија и на буџетите на општините;
- одговорност за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија и на буџетите на општините;
- обврска за наплата на приходи од надлежност на буџетските корисници;
- проверка на законитоста и наменското користење на средствата на Буџетот на Република Северна Македонија и буџетот на општините и
- преземање на мерки доколку средствата на Буџетот на Република Северна Македонија и на буџетите на општините не се искористат за утврдените намени.

2. Разлики помеѓу ревизијата, финансиската инспекција во јавниот сектор и улогата на другите истражни органи во вршењето на контролите врз буџетските средства

- вовед во основите на системот за внатрешна контрола.
- улогата на внатрешната ревизија, нејзиното воспоставување и независност;
- улогата на финансиската инспекција во јавниот сектор во заштитата на националните финансиски интереси;
- основи на методологијата за внатрешна ревизија;
- разлики помеѓу финансиската инспекција во јавниот сектор и внатрешната ревизија;
- улогата на Државниот завод за ревизија;
- споредба на постапувањето на Државниот завод за ревизија и финансиската инспекција во јавниот сектор;
- улогата на Управата за финансиска полиција во постапувањето со кривичните дела во нивна надлежност;
- улогата на јавното обвинителство во постапувањето по дејствија за кои постои сомнение за сторено кривично дело и

- пријавување сомнеж за сторено кривично дело во постапките што ги водат државните органи до јавното обвинителство.

3. Сметководство за буџетите и буџетските корисници и сметководство на трговските друштва

- концептот на сметководство и книговодство, деловни книги и сметководствени документи;
- принципи на препознавање на деловни настани и примена на сметковен план;
- начин на признавање на приходите и расходите и
- подготовка на финансиски извештаи.

4. Основи на ИПА 3 и разлики со ИПА 2

- програмски период за ИПА 3;
- структури и органи за имплементација на ИПА 3 и
- разлики помеѓу ИПА 2 и ИПА 3.

Член 3

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 25-4364/1
12 јули 2024 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Гордана Димитриеска - Кочоска**, с.р.